**Доц. д-р Трајче Нацев**

**Факултет за образовни науки**

**Универзитет “Гоце Делчев” Штип**

**Р.Македонија**

# ПРИЛОГ КОН ПРОУЧУВАЊЕТО НА ЖЕЛЕЗНОТО ВРЕМЕ ВО БРЕГАЛНИЧКИОТ БАСЕН

Територијата на Република Македонија наоѓајќи се во централно-Балканскиот регион не претставувала географска, културна, етничка средина која била затворена и изолирана. Истата трпела влијание од другите културни групи од соседните простори. Долините на Вардар и другите реки претставувале особена комуникација меѓу север и југ т.е. помеѓу средна Европа и Егеј.

Железното време во Република Македонија според М. Гарашанин е поделено на: рано железно време I и II кое го покрива периодот до VIвек пне. и железно време III кое го опфаќа крајот на VI век п.н.е. кога најголемиот дел од Македонија пред се го губи праисторискиот карактер во материјалната култура.

Со рекогносцирање на целата територија на Р.Македонија а особено во Брегалничкиот басен (Гарашанин М и Д., 1959, 5-18;,Археолошка карта на Р.Македонија, 1966; Нацев Т., 2013) евидентирани се железнодобски населби сместени на високи и потешко пристапни места со мали исклучоци и населби во рамничарските предели, во долниот тек на река Вардар односно во Гевгелискиот басен (Папазовска А., 2005, 115-159). За разлика од населбите, некрополите се систематски истражувани и истите ги има во неколку типови: гробови под тумули, рамни некрополи и крајпатни гробови (Митревски Д.,1991 ; Митревски Д.,1997)

Почетокот на раното железно време во Р.Македонија може да се постави некаде помеѓу 12 и 11 век пред н.е., на границата помеѓу субмикенската и протогеометриската култура во Грција.

По долгиот период на движење и нестабилност, во преодниот период од бронзеното во железното време од автохтоните елементи со асимилација на новодојдените овде се создаваат нови групи со разновидна и богата материјална култура каде предначи пред се металот, чија моќ ке дојде до израз пред се во 8 и 7 век пред н.е.

Со почетокот на железното време во Македонија, започнал и процесот на културната диференцијација на племињата од Македонија. Така низ вековите на железното време било извршено конечно етнокултурно формирање на протоисториските заедници во Македонија.

На територијата на Македонија, населбите од железното време се многу малку лоцирани а исто така и многу малку истражувани. Единствено населба од железното време истражувана е на археолошкиот локалитет Вардарски Рид кај Гебгелија каде е откриена куќа и тоа не целосно туку фрагментирано, бидејќи истата беше пробиена од помладите културни хоризонти односно од класичниот и хеленистичкиот период (Папазовска А., 2005, 115-159). За разлика од нив некрополите (Дедели, Милци, Исар Марвинци, Балабаница, Орлови Чуки, Криви Дол село Радање и други) се добро истражени, па така развојот на протоисториските заедници може да се прати преку сферата на погребување и континуирано да се следи се до нивното обединување и создавање на покрупни заедници со политичко здружување кое ке доведе до формирање на првите антички држави на овој простор.

На територијата на Брегалничкиот Басен, по пат на рекогносцирање откриени се неколку железнодпоски населби (Гарашанин М и Д., 1959, 5-18; Археолошка Карта на Р.Македонија 1993 и Нацев Т.Антиката 2013) а археолошки истражувања вршени се на само на населбата на археолошкиот локалитет Киево село Горни Балван[1]. Локалитетот во

[1] Археолошките истражувања на овој локалитет се изведени во 2007 година од м-р Анета Василева Мидевска, во рамките на проектот Заштитни археолошки истражувања на локалитети загрозени со изградбата на хидросистемот Златовица под раководство на д-р Трајче Нацев.

едицијата Археолошка карта на Р.Македонија е познат како доцноантичко утврдување и средновековна некропола.

Археолошки локалитет (Сл.1) е лоциран на тромеѓата помеѓу атарите на селата Горни Балван, Батања и Горно Трогирци. На овој локалитет можат да се издвојат две јасно дефинирани платоа на кои постојат траги на интезивен живот од два културни хоризонти (доцна антика и железно време), потврдени преку големиот број на фрагментирана садова и градежна керамика забележливи по површината на теренот.

Платото 1 (Сл.1) го преставува највисокиот рид на просторот кој е определен како „градиште од римско време”, каде на врвот постојат две зарамнети платоа во правец север-југ со остатоци од одбранбени ѕидови (Сл.2), фрагменти од садова керамика и расфрлен градежен материјал.

Платото 2 (Сл.3), е лоцирано во подножјето на ридот каде што се наоѓа црквичката Свети Јован, изградена во 1948 година односно на просторот југоисточно од сакралниот објект, каде е откриена железнодобската населба која е цел на ова мое излагање.

До локалитет води пристапна патека која води директо до црквата, а направена од страна на жителите на околните села. Целиот простор е издигнат, а кон југоисточната страна има вдлабнување, а целото плато е свртено кон југоисток. Со рекогносцирањата на теренот и пронајдените фрагменти од керамика е утврдено дека на овој простор има траги и од бронзеното време.

На локалитетот извршено е сондажно археолошко истражување на три локации: просторот во непосредна близина на црквата, просторот во близина на групацијата на карпи кој истовремено беше и највисокиот дел од ова плато и југоисточниот дел од платото каде е најевидентно вдлабнувањето. На сите три локации беа поставени сонди со димензии 4Х4 метри односно 7Х2 метри.

**Сонда 1**

Според пронајдената керамика, која не изобилуваше со бројност, исклучок претставуваше пронаоѓањето на речиси целосно сочуван пехар од керамика (Сл.4) пронајден во источниот дел од сондата, а во непосредна близина на него, односно околу него, беше откриена и поголема концентрација на камења наредени како ѕид (Сл.5) што јасно налагаше да се продолжи со откривање на соседниот простор. Поради ова, беа отворени уште две сонди, сонда 4 до димензии 4Х3 метри и сонда 5 со димензии 2Х2 метри, кај кои керамиката е исклучително слабо застапена и лоцирана на едно место, во средишниот дел од двете сонди. Од добиените податоци може да се утврди дека на овој простор егзистирал архитектонски објект, од којшто е сочуван само дел од ѕидот, а останатиот дел е целосно уништен и не може попрецизно да се согледа и детерминира. Со целосно истражување на Сонда 1, 4 и 5 и според податоците од вертикалната и хоризонталната стратиграфија односно според трагите од пепел видливи во централниот простор од Сонда 4 и 5 можеме да претпоставиме дека објектот настрадал од пожар.

**Сонда 2**

Ископувањата на просторот на централниот дел од терасата односно на местото каде е евидентно вдлабнувањето на теренот презентираше и најголем број релевантни информации за наоѓалиштето. Поставувањето на Сонда 2 со димензии 4х4 метри уште на длабочина од 30-тина сантиметри посочи постоење на архитектонски објект (Сл.6), заклучок кој се базира на откриените фрагменти керамика и траги од лепеж искористен за облепување на ѕидовите од плетер.

Оваа ситуација е особено евидентна во југозападната половина од Сондата поради што понатамошното ископување беше насочено кон откривање на поголема површина односно беше откирен простор околу 110 м2. Истражувањето на овој простор ја потврди констатацијата за постоење на железнодпоска населба на овој простор. Ситуацијата добиена на просторот на Сонда 2 резултираше со понатамошно продолжување на откривање на овој простор односно отворање на уште неколку сонди. Токму на овој

простор се наиде на централниот дел од куќата која иако е во значителна мерка уништен, според концентрацијата на керамика, пронајдените мелници и самиот просторен изглед јасно укажува дека овој простор е средиштето на секојдневниот живот .  Имено, на овој простор и концентрацијата од лепеж, со негативи од греди и плет, од ѕидовите на куќата, беше особено голема, како и пепел од силното горење. Концентрацијата на керамика во новиот простор е помала, а пронајдени се и неколку низи од лежишта за колци (Сл.7) врз основа на кои може да се одреди формата на објектот.

**Сонда 3**

Сонда 3 беше поставена во непосредна близина на групацијата на карпи, а изборот се базираше на фактот што овој дел е највисок, а по површината се наоѓа поголема концентрација на фрагментирана керамика. Сондата со димензии 7Х2 метри и правец север-југ беше поставена со цел да се направи еден поголем пресек на овој дел од терасата, а истовремено да се определи и просторот на протегање на населбата. Уште во првите откопи се увиде дека на овој простор културниот слој е многу тенок (околу 30 сантиметри), а низ целата површина односно во откопите се пронајдени малку наоди што јасно сугерира дека поради местополжбата и климатските влијанија културниот слој е уништен, односно може да се претпостави дека поради климатските услови евидентни и денес (просторот е незаштитен и директно свртен кон влијанијата на ветрот и снежни навеви) овој дел веројатно и не бил населен.

Со оглед на тоа што во досегашните истражувања на населбите од Железно време поголемиот број на завршни согледувања се базираат на податоци добиени од рекогносцирања или пак од парцијално истражени станбени објекти сознанијата добиени преку истражувањето на овој локалитет воглавно се базираат на целокупната ситуација од теренот. Имено, според сегашниот стадиум на истражување може да се извлечат следниве заклучоци: На истражениот простор е откриена профана градба односно живеалиште од Железното време со неправилна трапезоидна форма од типот на полуземуница со две јасно дефинирани простории со неправилна правоаголна форма меѓусебно одвоени со преграден ѕид, еден издаден дел за влезната партија на објектот. Целиот објект е свртен кон југозапад со цел максимално да се искористат климатските погодности односно

топлината и енергијата на сонцето. За утилитарниот приод кон сите аспекти на искористување на природата и во рамките на тогашната архитектура ни говорат два податока. Прво, како градежен материјал биле употребени преплети од трска кои се посведочени преку пронајдените траги од негативите отриени на неколку парчиња лепеж , а дел од црвенкастата минерална жила/карпа која се протегала на овој простор била искористена како еден од периметралните ѕидови на куќата.

Имено, оваа карпа е прилично лесна за обликување па затоа на овој простор се пронајдени и две поголеми јами за колци на кои веројатно почивало целокупното тежиште на архитектонската конструкција. Од внатрешната страна односно оној дел кој го претставува внатрешниот ѕид на просторијата карпата била облепена со глина пронајдена во долните партии. Во однос на конструктивната мрежа може да се заклучи дека целиот објект почива на гредите поставени во карпата. Северната страна која е најизложена на временски непогоди била дополнително зајакната со неколку реда на неправилно подредени колци, а периметралниот ѕид на јужната страна поради природната заштита е изведен само од еден ред колци. Преплетот од трска бил облепен со лепеж пронајден во голема количина низ целиот објект. За постоење на огниште може да ги базираме заклучоците само врз основа на мал број пронајдени фрагменти од лепеж на кои се забележуваат отисоци од ситни камења, веројатно како дел од конструктивната партија на огништето. Од прикажаната ситуација на теренот може да се претпостави дека објектот, според трагите од силно горење евидентирани на одредени места од централната просторија, страдал од пожар.

По целата истражена површина воглавно преовладува железнодобна керамика со груба и средна фактура со сите обележја на керамика наменета за секојдневна употреба и неколку фрагменти на керамика со фина фактура и софистициран изглед збогатен со исклучително богата декорација  изведена со втиснувања на мотиви (Сл.8), употреба на радло(Сл.9) и аплицирање на пластични додатоци (Сл.10).

Врз основа на податоците добиени од остатоците од  откриените објекти, и од фрагментираната садова ќерамика, можеме да констатираме дека на овој простор во

железното време постоела населба која хронолошки би ја сместиле во временска рамка од 8 – 6 век пред н.е

Користена литература:

1.Археолошка карта на Р.Македонија, Скопје 1996.

2. Гарашанин М. и Д.,Археолошке белешке са рекогносцирања у источној Македонији, ЗШНМ I, Штип 1959

3. Митревски Д., Дедели – некропола од железно време во Долно Повардарие, Скопје 1991.

4. Митревски Д., Протоисториски заедници во Македонија – преку погребувањето и погребните манифестации, Скопје 1997.

6. Нацев Т., Антиката во Брегалничкиот басен, Штип 2013.

5. Папазовска А., Слоеви од железно време на Вардарски Рид, Вардарски Рид том I, Скопје 2005, 115-159.